*Берово*

**Женски поседенки**

Жен'ите фоф-н'ашчо м'есто са-меракл'ик'и на-г'оске. Н'огу п'ати се-соб'ираа на-муаб'ет и на-една'о каф'е. Шч'ом ќе-се-на'учат за-н'екоа сед'енка фоф-ма:л'ата, з'имаа-си од-д'ома кој'а ф'урка, кој'а чор'ап и б'рже трч'ат т'ам да-си-пос'едат, да-пораб'отат и да-'апнат н'ешчо. Н'екуи од-н'их н'огу зн'аат см'ешки да-каж'уваа, та друѓ'ите се-ѕв'искаа и д'игаа нагар'а кат-куг'а са-ст'о. Една'и па гледа'еќи да-не-и-в'идат с'ал мăч'ат и по'апнуваа мăчичк'ата по-н'ешчо. Пон'екугаш ќе-нам'ине на-сед'енката и н'екуј м'аш седенк'ар. Так'а и пом'инуваа жен'ите д'ăзите н'ошчи през-зим'ето, а утр'ото куг'а ст'анат ф'еднак заф'атаа н'екоа раб'ота укул-к'ашчи: една'и са-перар'ии, др'узи месар'ии, тр'ети готвар'ии. 'Арно-ама през-лет'ото н'е-е так'а. Тог'ај 'одѕаран д'овечер раб'отат по-н'ивјето и по-лив'адѓето да-приб'ерат по-н'ешчо зим'овишче. Едв'ај ч'екаа мр'ачка да-с-'идат, да-повеч'ераа и да-си-л'егнат да-испр'ават к'ости. Прес-т'иа д'енове н'ема ни-сед'енќи, ни-попр'елќи. С'ал н'екугаш-н'екугаш ќе-се-соб'ерат на-н'екоа пог'ача или на-престап'ул'ќа. Тог'ај-са 'ошче пов'есели 'от им-д'аваа п'овече јад'авишче и пиј'авишче, а ни-м'ажје н'ема, та шч'о 'искаа си-пр'ават. От-ка-се-нај'адат и нап'ијат, зап'овјаа н'екоа п'есна, а една'и при-нем'ање тапањ'е 'играа и 'оро на-п'есната.

Пог'ачата се-пр'аи н'аскоро от-ка-се-р'оди дет'ето, а престап'ул'ќата куг'а про'оди. На-престап'улќата сефт'е се-гошч'аваа с'ите сос-јад'ен'е и пи'ен'е, ѕадн'ие кр'ај т'урат на-една'о столч'е по-н'ешчо (мол'иф и кн'ига, п'ари, н'екуј ал'ат), та дет'ето шчо-е-прood'ило д-'иде до-т'ам и да-си-з'еме н'ешчо. Жен'ите вер'уваа 'оти б'оже от-тов'а шчо-ќе-да-ф'ане дет'ето ќе-се-в'иди шч'о ќе-да-ст'ане он'о куг'а ќе-пор'асне: дал'и ќе-е-'учено, дал'и ќе-е-бог'ато или ракотв'орно.